

***Сузана Сурловски: БУГАРИЈА ПОВТОРНО СО НЕГИРАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА***

Претставници на македонската дијаспора од Франција, во соработка со Обединетата македонска дијаспора (ОМД), регира со писмена нота за новиот бугарски меморандум, со кој повторно се блокираат преговорите за влез на Македонија во Европската унија.

„Дами и господа министри, членови на Парламентот, сенатори, високи претставници на ЕУ,

Апелираме за ваше почитување на човековите права, за да не дозволите една земја-членка на Европската унија да презира и понижува земја која се стреми кон членство. Франција е блиско поврзана со македонската култура и нејзина должност е да се присети во своите архивни фондови кои ги поседува во От Савоа (Haute-Savoie), поседувајќи голем број рецензии и весници кои датираат од 1920-тите години. Источниот фронт неодамна беше одбележан по повод стогодишнината од нацистичкиот угнетувач во одбраната на слободата. Тој ќе остане врежан во нашите спомени, исто како и имињата на многуте француски војници од француските колонии. Низ историјата, нашите предци служеле во армиите: Србите заедно со Французите, Бугарите и Османлиите како јаничари. Дел од Евреите биле депортирани во Централна и Источна Европа. Други сираци и лица без државјанство за време на грчката комунистичка револуција беа расфрлани низ земјите-членки на Варшавскиот пакт.

Да се остави земја-членка да каже такви невистини за земја кандидат, не е достојно за Европа. Како се гради Европската унија? Врз основа на митови? Негирањето на културата, јазикот, поезијата, театарот, името, историјата на една земја не е толерантно! Треба ли да потсетиме на извештаите на францускиот новинар Алберт Лондрес (Albert Londres) за комитите? Или дописите на доживеаната авантура на Американката Хелен Стоун (Mrs Helene Stone).

Неодамнешните историски барања, бранот на бугаризација на малцинствата кои зборуваат турски и монетизацијата на бугарското државјанство од страна на голем број Македонци нѐ оставаат без зборови. Како француски, европски, американски и останати државјани со македонско потекло, ја повикуваме со вашата арбитража и медијација да ставите крај на сите уцени од страна на бугарските политички елити. Ветото во пристапниот процес за различна историја не е достојно на една земја-членка на ЕУ.

Ние, европски, француски, американски и останати државјани со македонско потекло ви стоиме на располагање да се сретнеме со вас, да ви ја пренесеме оваа медијација/арбитража и да ви ги објасниме нашите мотивации и поплаки. Ве молиме господа министри, пратеници, сенатори и останати високи претставници на ЕУ, за нашата највисока почит“, се вели во реакцијата.